АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА 2018 ГОДИНА

за спроведување на активности од Националниот план за акција за родова еднаквост 2018-2020,

кои се во надлежност на Агенцијата за вработување на Република Македонија

Скопје, Мај 2018

Агенцијата за вработување на Република Македонија (АВРМ) е вклучена во спроведувањето на Националниот план за акција за родова еднаквост 2018-2020.

Согласно дефинираните стратешки цели во Националниот план, Агенцијата за вработување изработи Оперативен план за 2018 година за спроведување на активности од Националниот план за акција за родова еднаквост 2018-2020, кои се во надлежност на Агенцијата за вработување на Република Македонија.

Во Оперативниот план се дефинирани целите, активностите кои ќе бидат реализирани, институциите со кои Агенцијата за вработување ќе соработува во спроведувањето на активностите, временската рамка за нивна реализација, како и индикаторите за следење, со цел успешно да се имплементираат планираните активности. Со Оперативниот план се опфатени активностите кои се однесуваат на специфичната стратешка цел "Подобрување на политиките и мерките со цел надминување на пречките за зголемена вработеност на жените", за кои Агенцијата за вработување е определена како одговорна институција во Националниот план за акција за родова еднаквост 2018-2020.

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2: Подобрување на степенот на родова еднаквост во приоритетни тематски области

| **Специфична стратешка цел 2.3: Подобрување на политиките и мерките со цел надминување на пречките за зголемена вработеност на жените** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Цел** | **Активности** | **Одговорна институција /соработници** | **Временска рамка** | **Индикатори** | **Извор на финансира ње според НПАРЕ 2018-2020*** |
| - Да се унапредат политиките и мерките за зголемување на вработеноста кај жените, преку зајакнување на промотивни активности и информирање на невработените жени | - Организирање и спроведување на средби за промоција на мерките за вработување и самовработување со претставници од МЛС, ЕЛС и ГО<br><br>- Спроведување на информативни средби со жени од урбаните и руралните | Одговорни: АВРМ<br>Соработници: МЛС<br>ЕЛС<br>ГО | Мај – ноември 2018<br><br>Континуирано во текот на 2018 | - Број на одржани средби за промоција на мерките за вработување и самовработување<br><br>- Број на одржани Инфо средби<br><br>- Број на жени кои | МТСП<br>УНДП |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | општини, за информирање за мерките за вработување и самовработување<br><br>- Спроведување на мотивациски обуки за информирање и мотивирање на невработени лица | | Континуирано во текот на 2018 | учествувале на Инфо средбите<br><br>- Број на вклучени невработени жени | |

* Колоната Извор на финансирање е пополнета согласно наведениот извор за остварување на Специфичната стратешка цел според Националниот план за акција за родова еднаквост 2018-2020. Активностите кои ќе ги реализира АВРМ како дел од услугите за вработување (мотивациски обуки и др. ) ќе бидат финансирани од Буџетот на АВРМ